**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1334/2**
**17.11.2017 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Втората седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 04.12.2017 година (петок), во салата на ООУ „Ванчо Прке"со почеток во 14.20 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Николчо Ситновски
5. Јулија Крстевска
6. Влатко Величковски
7. Вице Стоиловски
8. Кирил Тренчевски
9. Ванчо Велиновски
10. Катица Трајкова Тасева
11. Славица Димитрова
12. Сашко Јовановски
13. Кристи Стојковски
14. Дијана Јосифовски
15. Билјана Ѓеоргиевска

На седницата исто така присуствуваа и образлагачите по точките: Горан Велков, ВД Директор на ООУ „Ванчо Прке-Делчево, Сузана Петровска-Раководител на Одделението з аправни и општи работи, Анита Петровска ВД Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево, Елизабета Ѓеорѓиевска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Драган Маневски кој за денешната седница го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записникот од Првата седница
на Советот на Општина Делчево

1. Мислење на Програмата за реализација на еднодневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево;
2. Мислење на Програмата за реализација на дводневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево;
3. Мислење на Програмата за реализација на тридневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од деветто одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево;

**Образлагач**: По точките 1,2 и 3-Горан Велков-ВД директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

4. Предлог-Одлука за донесување на Измена и дополнување на детален урбанистички план за централно градско подрачје, Урбана единица 2, дел од блок 2.2, Општина Делчево, плански период 2016-2021 година;
5. Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, станебена куќа во урбанистичко-планска документација на Марија Симева Христовска и Вера Симева

Златеска;

**Образлагач:** Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

6. Предлог-Одлука за определување и исплата на надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања на локалните избори во 2017 година во општина Делчево;
7. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2017 година;
8. **8.** Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2017 година.

**Образлагач**: По точките 6, 7 и 8- Анка Христова-Раководител на Одделението за финанирање и буџет.

9. Предлог-Одлука за краткорочно домашно задолжување на општина Делчево;
10. **10.**Одлука за усвојување на Локален еколошки акционен план на општина Делчево за 2017-2020 годин;

**Образлагач**:По точките 9 I 10 Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој.

11. **11.**Годишен план за вработување на Јавната локална библиотека „Илинден"-Делчево за 2018 со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**: Анита Петровска-ВД Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево.

12. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за учебната 2016/2017 година на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;
13. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишната програма за учебната 2017/2018 година на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

Образлагач: Елизабета Ѓорѓиевска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и за збор се јави Сашко Ивановски кој предложи за седница дополнителна точка-Предлог-Одлука за определување на средства за субвенционирање на превоз на пензионери од сите населени места во ден сабота, од населеното место до Делчево и назад.
Претседателот на Советот рече дека оваа точка може да се стави на наредна седница, но претходно писмено да се достави до Советот како предлог-точка со образложение на истата (број на пензионери и финансиска конструкција).
Претседателот на Советот предложи денешната седница да се дополни со уште една точка на дневен ред и тоа:

14. Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект станбена куќа-во урбанистичко-планска документација на Ванчо Џаџовски од с. Тработивиште.

Тој појасни дека истата точка е доставена до него по доставувањето на материјалите за седницата и е од итен карактер бидејќи одлуката му е потребна на лицето В.Џаџовски за упис на смејната куќа во Одделението за катастар и аплицирање за виза за Америка. Од тие причини е ставена на дневен ред и оваа дополнителна точка14- Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект станбена куќа-во урбанистичко-планска документација на Ванчо Џаџовски од с. Тработивиште, беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за Втората Бидејќи никој друг не се седница.

Претседателот на Советот отвори расправа по Записникот од Првата седница и за збор се јави Славица Димитрова која имаше повеќе забелешки на записникот. Истите ќе бидат доставени во писмена форма и ќе бидат составен дел на Записникот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по Записникот беше затворена, а истиот со забелешките од Славица Димитрова (кои ќе бидат доставени во писмена форма) беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од Првата седница.

**Прва точка-Мислење на Програмата за реализација на еднодневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**;

Образлагач по оваа точка беше Горан Велков кој истакна дека екскурзиите се посебен облик на воспитно-образовна работа што се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми. Секоја екскузрија има воспитно-образовен и забавно-рекреативен карактер. Екскузријата за трето одделение е еднодневна. За секоја екскурзија има предвидено одговорни наставници, маршрута, времетраење, локации за посета, техничка организација и начин на финансирање.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека има родители (самохрани родители или од социјално загрозени семејства) кои не се во состојба да платат за екскурзија на своите деца. Во секое одделение такви се по 2-3 деца, не се многу средства, дали има можности да се издвојат средства од Буџетот на Општина Делчево?

Горан Велков рече дека во трето одделение има 7 такви деца, во шесто 7 и во деветто одделение 4.Тој рече дека 400 деца одат на екскурзија, а 200 не, причините не ги кажуваат, но моја претпоставка е дека тоа е од финансиски причини, рече Г.Велков.

Кирил Тренчевски го праша С.Ивановски дали тоа што тој го предлага била досегашна пракса, односно дали Општината интервенирала со општински пари во финансирањето на ученичките екскурзии?

Сашко Ивановски рече дека претходниот совет донел одлука за покривање на дел од трошоците за лекар.

Драган Маневски рече дека Советот на Општината донесува Мислење за изведување на екскурзија, а не Одлука.

Славица Димитрова рече дека во самата програма во делот на финансирање на Програмата може да се додаде дека Општината учествува со финансиски средства.

Сузана Петровска рече дека Програмата за изведување на екскурзија е изготвена од страна на директорот на училиштето, а Советот дава мислење за таа програма, што значи дека не може Советот да менува или додава работи во акт кој е донесен од страна на друг орган. Она што го предлага Сашко Ивановски може да биде посебна одлука за финансиска поддршка која ќе значи и донесување на одлука за другото училиште-ООУ „Св.Климент Охридски".

Драган Маневски рече дека оваа Програма е донесена на 18.09.2017 година и е потпишана од Сашко Ивановски тогашен директор. Доколку имало потреба од дополнителни средства од Советот за децата чии родители не можат да го поднесат трошокот за екскурзија, требало да предвиди, односно да се дополни Програмата во делот на финансирање.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Истата беше усвоена со 15 гласа „ЗА".

**Втора точка-Мислење на Програмата за реализација на дводневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево;**

И оваа точка ја образложи ВД директорот на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево, кој рече дека според Годишната програма на училиштето предвидена е дводневна екскурзија низ Македонија со учениците од шесто одделение, и во оваа Програма, како и во претходната има воспитно-образовни цели, задачи, содржини и активности,времетраење, локации за

посета и правци на патување, техничка организација и финансирање. Планирано е екскурзијата да се изведе во април или мај 2018 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека ООУ „В.Прке" е мултиетничко училиште и Програмата прво се донесува на Совет на родители. Затоа во иднина треба да се предвиди во екскурзијата да има и посета на некоја џамија.

Г.Велков рече дека Листата на локации и места за посета е од Министерството за образование и наука на РМ. Родителите на учениците од ромска вероисповест имаа можност на Совет на родители да предложат посета на некој таков објект.

Катица Трајкова Тасева рече дека во оваа екскурзија за учениците од шесто одделение е предвидена посета на 3 објекти од верски карактер (цркви и манастири). Имајќи предвид фактот дека "Ванчо Прке" е мултиетничко училиште во кое учат и ученици од ромска националност сметам дека треба да се предвиди посета на верски објект од исламска вероисповест. Можеби една од причините што тие деца не одат на екскурзија е и тоа што има предвидено посета на манастири и цркви во кои тие не влегуваат. Треба во иднина да се размисли и да се предвиди посета и на некоја џамија, или, пак, да не намали бројот на црквите и манастирите, да има некој баланс, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", точката беше усвоена.

**Трета точка-Мислење на Програмата за реализација на тридневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од деветто одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Горан Велков-ВД директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево кој рече дека станува збор за тридневна екскурзија на учениците од деветто одделение и има за цел совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина. Исто така, запознавање со културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа "ЗА, точката беше усвоена.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за донесување на Измена и дополнување на детален урбанистички план за централно градско подрачје, Урбана единица 2, дел од блок 2.2, Општина Делчево, плански период 2016-2021 година;**

Точката ја образложи Горан Петровски кој рече дека донесувањето на оваа одлука е претпоследен чекор во целата постапка за донесување на Измена и дополнување на детален урбанистички план за централно градско подрачје, Урбана единица 2, дел од блок 2.2, Општина Делчево, плански период 2016-2021 година. Пред вас е оваа одлука која се однесува на дел од ЦГП на локација кај АД „Фротирка". На некој од вас можеби му е познато, овој план еднаш е донесуван но бидејќи самиот инвеститор со насипување на земја ја измени состојбата/конфигурацијата на теренот од наша страна не доби одобрение за градба и се пристапи кон донесување на нов план, поточно измена и дополнување со плански период 2016 до 2021 година. Доколку има прашања, повелете, рече Г.Петровски.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која рече дека оваа точка била разгледана и на Комисијата за урбанизам во која таа е член и го праша образлагачот дали е информиран државниот правобранител за овој план бидејќи со овој план сопствениците на парцелите 6605, 6605/1 и 6605/2 се доведени во подредена ситуација и дали сопственикот на

парцелата 6605/3 со оваа измена на деталниот урбанистички план имал забелешки по истиот? Кога е започната постапката за носење на овој план и дали може да добиеме писмен одговор за тоа, праша таа?

Г. Петровски рече дека секој план оди на јавна расправа и јавна анкета на која граѓаните можат да ги доставуваат своите забелешки и дека во моментов не може точно да каже дали некој од сопствениците на тие парцели имал забелешки или не бидејќи станува збор за сложена постапка. И овој план ќе оди на јавна расправа, ќе има јавна анкета и секој има право да достави забелешки.

Сашко Ивановски го праша образлагачот дали е отстранета насипаната земја на тоа место бидејќи имало насип, дали е направена корекција во катастарот?

Горан Петровски рече дека токму насипот на земјата е причина за донесување на измена и дополнување на овој план.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за донесување на Измена и дополнување на детален урбанистички план за централно градско подрачје, Урбана единица 2, дел од блок 2.2, Општина Делчево, плански период 2016-2021 година.

**Петта точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, станебена куќа во урбанистичко-планска документација на Марија Симева Христовска и Вера Симева Златеска;**

Образлагач по точката беше Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина, кој рече дека согласно законските прописи како дел од постапката за легализација кога намената на објектот е различна од онаа во планот е и носењето на одлука. Во случајот станува збор за вклопување на бесправно изграден објект, станебена куќа во урбанистичко-планска документација на Марија Симева Христовска и Вера Симева Златеска. Во планот намената е деловен простор.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект, станебена куќа во урбанистичко-планска документација на Марија Симева Христовска и Вера Симева Златеска.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за определување и исплата на надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања на локалните избори во 2017 година во општина Делчево;**

Образложение по точката поднесе Анка Христова-Раководител на Одделението за финансии и буџет. Таа рече дека оваа одлука се донесува врз основа на член 86 од Изборниот законик и според него организаторите на изборната кампања ги следува надоместок за освоени гласови за листа на совет и за градоначалник на Локалните избори 2013. Исто така, надоместок ги следува и партиите кои освоиле минимум 1,5 % гласови од вкупниот број на запишани избирачи. Според официјалните податоци и дописот од ОИК Делчево ваков надоместок добиваат организаторите на изборната кампања СДСМ и ВМРО ДПМНЕ и тоа: За листа на Совет Коалиција СДСМ и други, 5117 гласови x 15.00 ден. = 76.755,00 денари, Коалиција ВМРО – ДПМНЕ и други 4097 гласови x 15.00 ден. = 61.455,00 денари.

За Градоначалник, Горан Трајковски од Коалиција СДСМ и други 5100 гласови x 15 =76.500,00 денари.Иван Соколов од Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и други 4105 гласови x15,00=61.575,00 денари. Овие средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево најдоцна до 3 месеци по доставувањето на Финансискиот извештај од страна на политичките партии/организатори на изборната кампања.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за определување и исплата на надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања на локалните избори во 2017 година во општина Делчево.

**Седма точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2017 година;**

Образлагач по точката беше А.Христова која рече дека Буџетот е годишен план на приходи и други приливи. Истиот се состои од:основен буџет, буџет на самофинансирачки активности, буџет на дотации, буџет на донации и кредити и заеми. Доколку во текот на годината се јави потреба, може да се донесе одлука за измена на распоредот на средствата или ребаланс. Во оваа одлука која е пред вас, имате измена на распоредот на средствата. Буџетот на општината е програмски, се состои од програми и потропграми.Согласно законот за буџети во текот на годината може да се прави измена на распоредот на средствата во Буџетот доколку за тоа се јави потреба. Бидејќи имаше избори во октомври немаше време да се направи Ребаланс и затоа одлучивме да одиме со една ваква одлука. Од одлуката што ви е едоставена можете да видите дека се земаат средства во износ од 300.000 денари од Програма А0 Совет на Општина ставка 404150 и од ставката 464990 други тансфери 292 000 денари. Исто така се земаат 50,000 денари од Програмата Д00 Градоначалник ставка 401110 и 260.000 денари од Програма Е00 Општинска администрација ставка 401120. Исто така, потреба од измена на распоредот на средства имаше и  во двете основни училишта, во буџетот на дотации 350.000 денари на ставка 421 220 за дрва и  65.625 на ставка 421 240 за течни горива. Сите тие средства кои се одземаат од некоја ставка до крајот на годината не можат да се реализираат или пак, се предвидени повеќе и затоа се пренаменуваат онаму каде што има потреба. Морам да истакнам дека од секоја ставка може да се прави измена максимум 20% од планираниот износ. Доколку има некои прашања во врска со оваа точка, повелете, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која ја праша раководителката за кои привремени вработувања се однесува ставката 427110 во износ од 250.000 денари и средствата од ставка 426120 во износ од 70.000 денари и дали е зголемен износот на студентските стипендии во однос на претходни години?

Анка Христова рече дека средствата во износ од 250.000 денари се однесуваат на привремени вработувања преку Агенција за привремени вработувања, а средствата во износ од 70.000 денари се членарина за Источно-планскиот регион. Износот за стипендии е зголемен само по 1 одлука, другите износи се исти.

Б.Ѓеоргиевска праша дали членарината за Источно-планскиот регион се плаќа оваа година првпат и дали е зголемена во однос на претходни години?

А.Христова рече дека оваа сума е членарина за претходни години која не била плаќана, а истата не е зголемена.

За збор се јави и Кирил Тренчевски кој ги информираше членовите на Советот дека на 29.11.2017 година е одржана седница на Комисијата за буџет на која по однос на сите точки имало конструктивна и плодна дебата и дека сите точки биле едногласно изгласани (со 5 гласа). Тој упати благодарност до сите членови на Комисијата за буџет, финансирање и ЛЕР, до образлагачот на точките А.Христова и С.Трајкова за водењето на Записникот од седницата на Комисијата.

Бидејќи никој друг не  се јавуваше за збор по оваа точка, расправата беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 6 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2017 година**;**

**Осма точка-Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2017 година.**

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финанирање и буџет која рече дека во Буџетот на општината, покрај измена на распоредот на средства може да се врши и проширување. Проширувањето на средства во оваа одлука е по барање на ОЈУДГ „Весели Цветови" и се однесува на салдо од претходна година во износ од 1.245.000.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој истакна дека и оваа точка била разгледана од страна на Комисијата и едногласно усвоена.

Драган Маневски ја праша образлагачот за што се средствата во иснос од 500.000 денари на стсвка 464910-Плаќање по судски решенија.

Раководителката истакна дека тоа е за две вработени кои платата ја земаат преку суд (Наташа Колевска и Новка Гоцевска).

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево, ја донесе и оваа одлука.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за краткорочно домашно задолжување на општина Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе Тони Стоименовски-советник за ЛЕР кој рече дека оваа одлука се однесува на краткорочно домашно задолжување, со склучувањење на договор за кредит за финансирање на проектот на општина Делчево. Проектот финансиран од ИПА компонента, од третиот повик за прекугранична соработка Р.Македонија и Р.Бугарија, во износ од 3.000. 000,00 денари, а со цел реализација на проектот "Енергетски ефикасно осветлување во регионот Благоевград – Делчево". Тој истакна дека оваа одлука е донесувана од страна на претходниот Совет, но потребно е да ја донесе и Советот во овој мандат. Ова задолжување или заем е со цел да се внесат средства на проектната сметка, такви се правилата на ЕУ, после извршените работи по проектот, се прави ревизија и од страна на ЕУ се враќаат парите. Ние како општина се задолжуваме бидејќи во буџетот нема доволно средства, досега се реализирани 3 вакви проекти со задолжување бидејќи условите се поволни, каматата е минимална, а целиот проект е 100% грант. Целата сума на проектот е 200.000 евра, оваа година тие се намалени за 15% или одколу 40.000 евра. Така прават речиси сите општини, задолжувањето се прави преку Македонската банка за обнова и развој, која сето тоа го прави во согласност со Министерството за финансии на РМ. Битно е оваа одлука да ја донесе Советот и до 16.01.2018 година ќе ги имаме парите на нашата сметка, рече Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој истакна дека и оваа одлука била разгледана на седница на Комисија и истата била усвоена едногласно.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за краткорочно домашно задолжување на општина Делчево;

**Десетта точка-Одлука за усвојување на Локален еколошки акционен план на општина Делчево за 2017-2020 година;**

Образлагач по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој кој кој рече дека станува збор за 4 -годишен акциски и стратешки документ на Општината кој се донесува согласно Законот за заштита на животната средина и е обврска на секоја општина. Документот е изработен со цел да се подобри квалитетот наживотната средина преку конкретни мерки и акции. Во неговата изработка беа вклучени претставници на

лакалната самоуправа, како и претставници од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Во неговата изработка голем придонес има и Марио Вељковиќ експерт. Процесот на изработка започнал 2016 година и траел до февруари 2017 година, целиот документ е финализиран септември 2017 година. Морам да истакнам дека при неговата изработка користевме податоци од Пописот 2002 година, како и податоци со кои располагаат одделенијата во Општината и други субјекти. Овој документ е од голема важност затоа што секогаш кога аплицираме за некој проект во самиот формулар за апликацијата се наведува дали Општината има донесено ваков документ. Според мене, истиот е доста квалитетно изработен и реално применлив и затоа предлагам да го донесете. Доколку има некои прашања, повелете, рече Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Влатко Величковски кој рече дека во самиот еколошки план има податоци за површина на земјоделско земјиште и го праша образлагачот дали тие податоци се стари или нови?

Т.Стоименовски рече дека тие податоци се стари 2 години и се од Агенцијата за поддршка на земјоделството, лично сметам дека има измени во некои површини, но не сум сигурен, истакнав дека кога се изработуваат вакви стратешки документи проблем ни претставуваат податоците, рече тој.

Катица Трајкова Тасева рече дека во Локалниот еколошки план има податок дека 45% од водоводните цевки се азбестни и праша дали тој податок е точен или не?

Т.Стоименовски рече дека податокот е нов и се однесува на азбестни цевки на главниот цевковод од Лошана до с.Триботивиште и на дел од градскиот водовод. Во моментов се врши замена на азбестните цевки со ПВЦ преку еден проект и се надевам дека еден дел ќе бидат заменети. Исто така, има заинтересиран донатор-Швајцарска агенција за развој и соработка, за изградба на пречистителна станица така што се надевам дека за 3-4 години ќе успееме да обезбедиме чиста вода за пиење, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за усвојување на Локален еколошки акционен план на општина Делчево за 2017-2020 година.

**Единаесетта точка-Годишен план за вработување на Јавната локална библиотека „Илинден"-Делчево за 2018 со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по точката беше Анита Петровска-ВД Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која на почеток на сите советници и градоначалникот им посака успешна работа. Во врска со точката рече дека овој годишен план согласно законските прописи требало да биде донесен до месец март 2017 година, но од кои причини истиот не е донесен, не ѝ е познато. Во планот за вработување има табеларен преглед на вработени, табеларен преглед на планирани вработувања,табеларен преглед на планирани пензионирања. Таа истакна дека моментално во библиотеката се вработени 6 лица, а се планирани 3 нови вработувања и тоа: сметководител, помошник библиотекар и библиотекар за детска книжевност. За сите 3 нови вработувања има обезбедено пари за плата. Доколку има прашања, повелете рече А.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден" за 2018 година на неколку места има грешки и нелогичности. На потребните места каде што треба да има потпис истиот не е потпишан, не се совпаѓаат бројките во табелата 1-Состојба во тековната година, на страница 3 не сте избрале ниту еден одговор (ДА или НЕ). Исто така, не е наведен изворот на средства електронската апликација (балансерот) не е правилно пополнета и затоа сметам дека планот треба да го коригирате, бидејќи таков каков што е, не може да помине во Министерството за финансии, рече С.Ивановски.

Кирил Тренчевски истакна дека ова е Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден" за

2018 година и во делот 1-Состојба во тековната година се подразбира заклучно со 31.12.2018, а не 31.12.2017 година.

Билјана Ѓеоргиевска рече дека дел 1 од Годишниот план се однесува на состојбата во институцијата за 2017 година, значи во тековната година, а делот 2 се однесува на 2018 година, така е секаде во сите планови, рече таа.

Анита Петровска рече дека е направен пропуст од нејзина страна што не е потпишана првата страна на планот и за тоа им се извинува на сите членови на Советот. Што се однесува до другите забелешки таа рече дека бројките во Табелата 1 се во ред, бидејќи моментално вработени се 6, планирано е едно пензионирање остануваат 5 и планирани 3 нови вработувања, вкупно 8. Јас ќе се консултирам со Министерството за информатичко општество и доколку не е во ред, ќе направам корекција, што се однесува до изворот на средствата за плати, кажав дека се од сопствени извори, имаме заштедено пари, рече А.Петровска.

Влатко Величковски рече дека треба да се премине кон усвојување на Заклучокот на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево и дека забелешките на неговите колеги се од технички карктер или технички грешки кои ќе бидат отстранети.

Драган Маневски-Претседател на Советот рече дека директорката сигурно е упатена со состојбата во библиотеката, со бројот на вработените, планираните пензионирања и вработувања и дека Советот треба да го донесе Заклучокот за усвојување на планот.

Сашко Ивановски ја праша директорката дали е зголемен обемот на работа па планира 3 нови вработувања, што е за 33% и дали библиотеката има просторни услови за 3 нови вработувања.

А.Петровска рече дека библиотеката има потреба од нови вработувања и затоа ги планира, година ипол библиотеката нема сметководител, таа како директорка работи и како библиотекар и на КОБИС системот, еден библиотекар работи како архивар. Библиотеката има потреба од двосменско работење, но немам кадар, има читатели кои сакаат да ја користат библиотеката попладне и во вечерните часови, но јас немам кадар. Библиотеката има книжен фонд од 50000 книги, а во КОБИС системот се внесени само 8000, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА" и 3 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2018 година.

**Дванаесетта точка-Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за учебната 2016/2017 година на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Образложение по точката поднесе Елизабета Ѓеорѓиевска која истакна дека овој извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево во себе ги содржи следниве содржини:појдовни основи за организација на дејноста, организација, работно време и услови за работа, реализација на Годишната програма за работа, релаизација на културна дејност, реализација на здравствена дејност, соработка со родителите, следење и унапредување на згрижувачката и воспитно-образовната дејност, реализација на планот за работа на директорот и другите стручни соработници, реализација на материјалнотои финансиското работење и заклучни согледувања. Во продолжение следуваше детално образложение за секое поглавје.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", ниту еден против и ниту еден воздржан, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа за учебната 2016/2017 година на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

**Тринаесетта точка-Предлог-Заклучок за усвојување на Годишната програма за учебната 2017/2018 година на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Елизабета Ѓорѓиевска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

Претседателот на Советот рече директорката да се задржи на нешто што е побитно во самата Програма или на некои проблеми доколку ги има бидејќи нема потреба детално да се образлага текстот на Програмата.

ВД Директорката рече во 2018 година се планира доградба на детската градинка со што целосно ќе се реши проблемот на дечињата кои се на листа на чекање, како и растеретување на групите кои се со поголем број на деца. Исто така, таа ја истакна и потребата од вработувања на дополнителен кадар во детската градинка (педагог, психолог, музички педагог, ликовен педагог, наставник по физичко образование и наставникм по физичко воспитание, како и воспитувачки и негувателки).таа ги запозна советниците со тековните и планираните проектни активности.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави катица Трајкова Тасева која рече дека доколку се слуша образложениото на ВД директорката и се читаат Извештајот и Програмата излегува дека во детската градинка се е во ред, но за жал, реалната состојба е поинаква. Многу често се случува децата сместени во градинката да имаам некоја бактерија или некој вирус и затоа таа ја истакна потребата од зголемено ниво на хигиена, дезинфекција на градинката и почесто земање на брис од децата, како и апел до родителите кои имаат болно дете да не го носат во градинка.

ВД Директорката,Елизабета Ѓорѓиевска рече дека детската градинка постојано и во континуитет врши дезинфекција на градинката и редовно се одржува хигиената. Според неа, проблемот е во тоа што многу родители ги носат во градинка своте болни деца и покрај тоа што таа и вработените во градинката апелираат да не се носта болни децеа во самата градинка. Но, во пракса ситуацијата е таква каква што е, и покрај тоа што детето е болно, родителот го носи во градинка, а ние како детска градинка не смееме да го вратиме детето, рече таа.

Дијана Јосифовски рече дека и  вчера на Комисија била разгледана оваа точка и дека ВД Директорката рекла дека родителите се тие што инсистираат болните деца да ги оставаат во градинка. Јас сметам дека тоа не е решение на проблемот, вие како градинка и како одговорно лице треба да заземете поцврст став по однос на ова прашање-болните деца да не се носат во градинка. Вие и сами истакнавте дека во сите групи секогаш фалат по 2-3 деца, значи некои деца се болни и не идат во градинка, сакам да кажам дека секој почеток е тежок, но Вие треба да бидете поупорни, рече Дијана Јосифовски.

ВД Директорката истакна дека од надвор изгледа дека  е лесно, но во суштина не е така.

Влатко Величковски рече дека сите сугестии и забелешки се во ред, но исто така во право е и директорката кога вели дека ако родителот го донесе детето во градинка, никој не може законски да го врати детето назад иако е болно. Се зависи од свеста на родителите, некои родители се посвесни, некои не. Ние како Совет и Детската градинка можеме само да апелираме до свеста на родителите, друг начин нема. На крајот од својата дискусија тој ја праша директорката дали во постапката за прием на децата во градинка 1 услов е и децата да бидат вакцинирани.

ВД Директорката рече дека секоако дека при приемот на децата во градинката се бара медицинска потврда и потрврда за примени вакцини.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", ниту еден против и ниту еден воздржан, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната програма за учебната 2017/2018 година на

ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект станбена куќа-во урбанистичко-планска документација на Ванчо Џаџовски од с. Тработивиште.**

Образлагач по точката беше Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштит на животна средина. Тој истакна дека оваа точка е доставена до него по доставувањето на материјалите за седницата, за што им се извини на членовите на Советот. Инаку,одлуката е замолница од лицето В.Џаџовски и е од итен карактер бидејќи одлуката му е потребна за упис на смејната куќа во Одделението за катастар и аплицирање за виза за Америка.

Претседателот отвори расправа и рече дека во иднина би било добро сите точки да се изготвуваат и доставуваат навреме.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно-изграден објект станбена куќа-во урбанистичко-планска документација на Ванчо Џаџовски од с. Тработивиште.

Со исцрпувањето на Дневниот ред за оваа седница, Претседателот ја затвори седницата и истата заврши со работа во 16.20 часот.

**Записникот го водела**

**Снежана Трајкова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Претседател,**

**Д
р
а
г
а
н**

**М
а
н
е
в
с**